# ИНТЕРВЈУ СО БИЛЈАНА ВУКОВИЌ, директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Објавено на: 20/08/2015

Интервјуто е преземено од интернет порталот www.flesh.mk



**–ГОСПОЃО ВУКОВИЌ, СЕУШТЕ СМЕ ВО ЕКОТ НА ГОДИШНИТЕ ОДМОРИ, А КАЈ ВАС, ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКАА БЕЛЕЖИМЕ НИЗА АКТИВНОСТИ МЕЃУ КОИ НОВИОТ ОГЛАС ЗА ИПАРД СРЕДСТВА, ПОДДРШКАТА ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ И ТН..**

-Активностите во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, не се стопирани поради летните одмори, планираната динамика за објавување јавни повици или за обработка на податоците на веќе објавените повици ја задржавме, едновремено го реализраме и проектот отворени денови на Агенцијата и блиски средби со македонските фармери на терен.

Во моментов, како Агенција, во соработка со министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. сме насочени кон имплементација на проектот,

отворени денови со македонските фармери, на кои вработени од повеќе наши сектори, разговараат со нив, одговораат на нивните прашања… Отворените денови, се реализираат од 13 август и ќе траат до 13 септември.На овие средби присуствуваат и преставници на македонската банка за поддршка на развојот, кои на македонските земјоделци им ги презентираат кредитните линии со поволни каматни стапки наменети за развој на македонскиот аграр.

Ќе посетиме 102 населени места, во кои сите заинтересирани граѓани ќе можат да дојдат, да постават прашања, да се информираат можеби за некој нивни предмет кој веќе е во фаза на обработка, за статусот на предметот, да добијат информации како да аплицираат на идните јавни повици, дали ги исполнуваат условите за аплицирање, која инвестиција сакаат да ја реализираат.Вработените во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и во министерството им стојат целосно на располагање на нашите ценети клиенти, физички лица или преставници на одредено земјоделско стопанство, и да ги информираат за условите за добивање одредена финансиска помош, но и доколку имаат потреба од консултантска помош во делот на изработка на технички проект за добивање средства од ИПАРД програмата, на располагање им стојат советниците од советодавната Агенција за поддршка на развојот на земјоделството со седиште во Битола, како правилно да аплицираат и да стигнат до европските пари.

Паралелно со проектот отворени денови на Агенцијата, работиме и на реализација на отворените огласи кои се во тек.Како што е огласот 02/2015 за доставување барања за средства од ИПАРД програмата,истиот ќе биде отворен до 15 септември.

Во тек се и огласите за финансиска поддршка на руралниот развој, за добивање средства за набавка за механизација, трактори и друга приклучна механизација, за секторот жито и житни култури, барања кои се доставуваат по електронски пат.

Во тек се и огласите за добивање финансиска поддршка за подигнување на овошни и лозови насади, кои се отворени од 1 јануари до крајот на септември оваа година, а заинтересираните фармери можат да аплицираат и на огласот за набавка на добиток и пчелни матици.

Интересно е тоа што оваа година за прв почнавме со електронско аплицирање за програмата за финансиска поддршка руралниот развој.Во моментов станува збор само за мерката 121.Но, во текот на оваа и наредната година планираме сите апликации да се одвиваат по електронски пат, од дома.Постојат јасни упатства на веб страната на нашата агенција, за начинот на кој се врши аплицирањето.Доколку имаат нејаснотии околу процесот, можат да се обратат до советниците од Агенцијата за поддршка на развојот во на земјоделството, кои им стојат на располагање на секаков вид стручна помош, и ќе им помогнат во аплицирањето.

**-ПОТПИШАВТЕ ДОГОВОРИ СО ГРАДОНАЧАЧНИЦИТЕ ОД ОСУМ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ, ПРИ ШТО ИМ БЕА ВРАЧЕНИ 180 РЕШЕНИЈА ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ.КАКО СЕ ОДВИВААТ ПРЕДХОДНО ОДОБРЕНИТЕ ПРОЕКТИ ВО СМИСЛА НА НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА?**

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој обработи 208 проекти кои беа доставени од општините на јавниот повик годинава.Станува збор

за мерките 321,322 и 323 за обнова и  развој на селата и поддршка на руралната инфраструктура, како дел од Програмата за рурален развој која Агенцијата ја реализира од 2009 година.Не радува фактот што е зголемен интересот кај општините за аплицирање со се поквалитетни проекти, кои ќе значат подобрување на уловите за живот на жителите во руралните средини, како што се проекти за, изградба на патишта за поврзување на две села, поврзување на село со град или пак изградба на регионален пат, изградби на водовод и канализација, фекална, атмосверска канализација, обнова на културни домови, подигнување на зелени и сточни пазари, уредување на локации кои ќе го подигнат квалитетот на живеење на месното населние..

За поздравување е одлуката на општините да се пријават на овој оглас со вкупно 208 проекти.Од нив одобрени се вкупно 180 од 75 општини, од 8 плански региони.Аплицираа со еден до максимум три проекти.Овие општини веќе добија привремени решенија за отпочнување на јавна набавка за економски оператор кој ќе ја реализира инвестицијата.

По завршување на оваа постапка, општините се обраќаат кај нас, каде потпишуваат договор за финансиска поддршка, ја реализираат инвестицијата и потоа ги добиваат средствата кои се во износ од 100 проценти од вкупната вредност на проектот.Ние како Агенција направивме максимални напори да ги сработиме предметите во што пократок рок, со цел да им излеземе во средба на општините што побрзо да ги реализираат проектите.

Сега со спортски жаргон кажано, топката е кај општините, што побрзо да ги реализираат инвестициите и со тоа да го подобрат животниот стандард на граѓаните кои живеат во нив.

**-КАКО СЕ ОДВИВА ПРОЦЕСОТ НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ, ОДНОСНО ПОДДРШКАТА НА ФАРМЕРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА?**

Процесот на субвенционирање на македонските земјоделци се одвива согласно предвидената динамика и условите пропишани од министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство  и во согласност со Програмата Усвоена од Владата, за поддршка во земјоделството.

Оваа година доцнеше процесот на аплицирање за субвенции, како резултат на временските неприлики проследени со поплави.Согласно ваквите услови беше и продложен рокот да доставување на барањата.

Радува фактот што бројот на земјоделски стопанства кои аплицираат за субвенции се зголемува.Оваа година бројот е дури за неколку илјади апликации поголем во однос на минатата 2014 година.

Земјоделските стопанства, по завршувањето на рокот за пријавување за добивање субвенции, во период од 30 дена, доколку се јави потреба од тоа, можат да извршат одредени корекции во барањата.По завршување на овој период, ние како Агенција преминуваме кон проверка на барањата, па потоа одиме во контрола на терен.По завршување на оваа постапка следува процес на исплата на субвенциите.

Она што веќе е исплатено од програмата за субвенции е тутунот во целост.Во април годинава.

Од програмата за поддршка во земјоделство во моментов се врши исплата на штетите од поплавите во одредени региони.Сите земјоделски стопанства кои претрпеле штета на своите посеви, се обештетуваат во висина од 100 проценти.

**–НА ШТО СЕ ДОЛЖИ СПОРЕД ВАС ЗГОЛЕМЕНИОТ БРОЈ НА АПЛИКАЦИИ НА ФАРМЕРИТЕ ЗА СУБВЕНЦИИ.НА ОТСТРАНУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ ИМОТНО ПРАВНИ БАРИЕРИ ИЛИ МОЖЕБИ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ДОВЕРБАТА ВО ПРОЕКТОТ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СТАНДАРДОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ФАРМЕР?**

Субвенциите во земјоделството во Република Македонија се реализраат од 2006 та година.Денешното ниво на обезбедени средства за субвенции на македонските фармери во сите свери на македонското земјоделство е резултат на многу минат труд, кој беше вложен во периодот од самото воведување на субвенциите до детектирање и отстранување на евентуалните проблеми кои земјоделците би можеле да ги имаат при процесот на добивање на парични средства.

Од друга страна евидентна е континуираната поддршка која владата ја да дава за поттик и развој на македонскиот аграр.

Ваквиот сериозен начин на постојано инвестирање во производството на храна и живина во земјава, ги отстрани евентуалните сомнежи кај одредени земјоделци, дека субвенциите ќе бидат на краток рок. Сега сме 2015 година, а средствата наменети за субвенции од година во година растат.Во моментов во програмата за финансиска поддршка во земјоделство имаме предидени 100 милиони евра, за субвенции на македонските производители на храна.

Зголемениот број на апликации за субвенции од неколку илјади, јасно зборува за зголемената доверба на фармерите во владината интенција за силна финансиска поддршка на македонскиот сектор.

**-АГЕНЦИЈАТА ВЛЕЗЕ ВО ПРОЦЕС НА МАКСИМАЛНА ПРИМЕНА НА СОВРЕМЕНИТЕ ТЕХНОЛОГИЈА, ТУКА МИСЛАМ НА АПЛИЦИРАЊЕТО ПРЕКУ ИНТЕРЕНЕТ.КАКО Е ТОА ПРИФАТЕНО И КОЛКУ ТОА МОЖЕ ДА БИДЕ ОСНОВЕН НАЧИН НА КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ ВАС И ФАРМЕРИТЕ, ОДНОСНО КОМПАНИИТЕ?**

Успехот од електронско аплицирање за добивање финансиски средства за набавка на мехнизација, трактори и влечна механизација е огромен.Го имаме истиот број на апликации како и минатата година, на фармери кои доставија барање за добивање парични средства за оваа мерка во хартиена форма. Огласот сеуште не е завршен, а до вчера имавме 900 апликации.Ова јасно укажува на фактот дека македонските земјоделци се издигнуваат на ниво на европските производители на храна.Знаат електронски да аплицираат, а оние пак кои и не умеат да го направат тоа, се обраќаат до советниците од  Агенцијата за поддршка на развојот на земјоделството со седиште во Битола, кои се подготвени да излезат во средба на секое нивно барање.

Имајќи го в предвид успешното искуство кое го имавме со оваа мерка, ќе преминеме кон изработка на новите модули, за електронско аплицирање за секоја мерка поединечно.